РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА
СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Бр. 02-309/4
12.06.2013
С К О П Ј Е

Врз основа на член 12 став 1 алинеја 11 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“, број 88/2010), по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 12.06.2013 година, ја утврди следната

# ПРОГРАМА ЗА ПРИЕМЕН ИСПИТ
# ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2013 ГОДИНА

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Приемот на слушатели во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители е достапен за секој што ги исполнува условите за прием утврдени со Законот за Академија, Статутот и општите акти на Академијата и за секој што успешно ќе го положи приемниот испит во една испитна сесија.

Приемниот испит за почетна обука во Академијата се состои од полагање на:

- квалификациски тест,
- психолошки тест,
- тест за интегритет, и
- испит.

Полагањето на квалификациски тест се врши во писмена форма и анонимно, а има за цел по пат на проверка на знаењата на пријавените кандидати на домашното материјално и процесно право, меѓународното право, правото на Европската унија и најзначајните пресуди на Европскиот суд за човекови права да ги селектира кандидатите по квалитет, определен како минимум знаење за посетување на програмата за почетна обука.

Психолошкиот тест има за цел по пат на проверка на социјалните способности да ги афирмира кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

Тестот за интегритет се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

Испитот има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- практичен дел во писмена форма, што е анонимен, со испитна задача на конкретен судски или обвинителски предмет, и
- устен дел на испитот.

Со оваа Програма поблиску се уредени темите и областите (имајќи ги предвид и најновите измени на законските текстови) од кои се изготвуваат прашањата **за квалификацискиот тест и испитот** како составни делови на приемниот испит и тоа од следниве области: казнено материјално и процесно право, граѓанско материјално и процесно право, трговско право, уставно и управно право, меѓународно право со праксата на меѓународните судови, со посебен акцент на праксата на Европскиот суд за човекови права и право на Европска унија.